ООУ „ПАНАЈОТ ГИНОВСКИ“
ОПШТИНА БУТЕЛ
СКОПЈЕ

Тел. 02/2621-416
ул. Ферид Бајрам бр. 30
info@ooupanajotginovski.edu.mk
www.ooupanajotginovski.edu.mk

## Кодекс за однесување на ученици кои следат настава со физичко присуство

1. Овој вид настава трае состојбата на пандемија од КОВИД-19 и е од формален вид на настава подобрена од МОН.
2. Во училиште доаѓај навремено – 15 минути пред започнувањето на наставата односно планираната активност.
3. Биди пример со твоето пристојно облекување .
4. Учениците што немаат маски нема да им биде дозволено да ја посетуваат наставата со физичко присуство.
5. Се забранува престој на учениците во училиштето и училишниот двор,надвор од дадената организација- според дадениот распоред од одделенскиот наставник.
6. Учениците во училиштето ќе влегуваат еден по еден и задолжително треба да држат растојание од 1,5 до 2 метри.
7. Задолжително при влез и излез учениците треба да ги дезинфицираат рацете.
8. На учениците при влез во училиштето задолжително се мери телесната температура. Доколку ученикот покаже повисока телесна температура од 37,5 C, ученикот веднаш се изолира во друга просторија , се известува родителот и стареателот и со договор се препорачува да оди кај матичен лекар.
9. Престојот на учениците во училиштето е регулиран со организација на работа во смени, распоред на часови и распоред на други активности, како и распоред на ѕвоно.
10. Задолжително носи медицинска маска и често прави дезинфекција на рацете. Доколку ти падне маската, не ја ставај на лице повторно, туку замени ја со нова. Маската не ја менувај со своето другарче. Не ја носи маската неправилно ( под брада, со непокриен нос).
11. Избегнувајте заедничко користење на предмети – училишен прибор.
12. Не се допирај со рацете по лицето.
13. Маската ја вадиш само кога јадеш или пиеш. Тогаш ја ставаш во чиста кесичка која треба да стои во твојот ранец.
14. Не го допирај другарчето.
15. Избегнувајте меѓусебна размена на храна- прехрамбени продукти.

ООУ „ПАНАЈОТ ГИНОВСКИ“
ОПШТИНА БУТЕЛ
СКОПЈЕ

Тел. 02/2621-416
ул. Ферид Бајрам бр. 30
**info@oupanajotginovski.edu.mk**
www.oupanajotginovski.edu.mk

16. Во тоалет ако веќе има некој, чекај го својот ред. Задолжително по користење на тоалетот измиј ги рацете.
17. За време на одморите учениците ја напуштаат училницата за нејзино провертување и дезинфекција.
18. Движењето во ходници треба да се одвива дисциплинираниo и во најдобар ред.
19. Води грижа за хигиената во училницата, заедничките училишни простории и училишниот двор.
20. Биди подготвен, внимателен и активен на часовите.
21. Доколку нешто не ти е јасно прашај го наставникот.
22. По завршување на наставата, училницата остави ја уредна, без отпадоци. Подготви се за одење дома и провери дали си ги земал своите работи.
23. Почитувај ги сите чинители во училиштето.
24. Времето што го поминува во училиште нека ти биде исполнето со многу нови сознанија.
25. При излегувањето односно влегувањето во училиштето и училницата почитувај ги сите протоколи за заштита на своето и заедничкото здравје од КОВИД -19.

ООУ „ПАНАЈОТ ГИНОВСКИ“
ОПШТИНА БУТЕЛ
СКОПЈЕ

Тел. 02/2621-416
ул. Ферид Бајрам бр. 30
info@ooupanajotginovski.edu.mk
www.ooupanajotginovski.edu.mk

**Кодекс за однесување на родителите**

- Училиштето е воспитно-образовна институција во која се влегува со пристојна облека;
- Родителите/старателите ги испраќаат учениците до назначениот влез на училиштето и се забранува нивно влегување во училиштето, освен за родителите/старателите/образовните асистенти на учениците со посебни образовни потреби со задолжително носење на маска/прекривка на лицето;
- Родителите на учениците и други надворешни лица имаат обврска да ги почитуваат правилата и другите општи акти на училиштето;
- Родителите и другите надворешни лица при влегување во Училиштето имаат обврска да се пријават кај дежурното лице;
- Надвор од планираното време родителите не треба да престојуваат во училиштето;
- Родителите треба да го почитуваат временскиот распоред на часовите и да не влегуваат во училница за време на наставата;
- Родителите/старатели по завршување на часовите учениците ги превземаат од наставникот од означениот излез;
- Пренесувањето на информациите и состаноците со родителите/старателите се одвива преку телефон или преку некоја онлајн апликација која што ќе ја договорат родителите и наставниците.
- Почитувај го куќниот ред на училиштето;
- Редовно информирајте се за постигнатиот успех и поведение на вашето дете;
- Редовно исполнувајте ги обврските што ги имате кон училиштето (матерјиални обврски, оправдување на отсуства од часовите на учениците, консултации со наставниците и сл.);
- Задолжително присуствувајте на родителските средби во училиштето;
- Имајте на ум дека Вашите постапки се пример за однесување на Вашето дете;

ООУ „ПАНАЈОТ ГИНОВСКИ“
ОПШТИНА БУТЕЛ
СКОПЈЕ

Тел. 02/2621-416
ул. Ферид Бајрам бр. 30
**info@ooupanajotginovski.edu.mk**
www.ooupanajotginovski.edu.mk

**Кодекс за однесување на родителите за време на онлајн настава**

•Овој вид на настава трае додека трае оваа состојба на пандемија со КОВИД 19 и е формален вид на настава одобрен од страна на МОН;

•Секој родитеел е должен да го овозможи правото на образование на своето дете;

•Секој родител треба да го поддржи и помага учењето на своето дете преку овој вид (настава од далечина – онлајн)

•Секој родител да се потруди да формира навики кај своето дете за културно однесување при онлајн настава;

•Родителите да ги почитуваат професионалните одлуки и совети на наставниците при овој вид на настава

•Да поттикнуваат објективен однос кон постигањата кои ги имаат нивните деца.

ООУ „ПАНАЈОТ ГИНОВСКИ“
ОПШТИНА БУТЕЛ
СКОПЈЕ

Тел. 02/2621-416
ул. Ферид Бајрам бр. 30
info@oupanajotginovski.edu.mk
www.oupanajotginovski.edu.mk

## Кодекс за однесување на наставниците за време на онлајн настава

- Овој вид на настава трае додека трае оваа состојба на пандемија од КОВИД 19 и е формален вид на настава одобрен од страна на МОН
- Секој наставник е должен да ја реализира онлајн наставата
- Секој наставник да ја реализира наставата според редовниот распоред;
- Секој наставник е должен да води е-досие за секој ученик каде ќе ги собира доказите потребни за формативно и сумативно оценување;
- Секој наставник е должен да дава повратна информација од сработеното со ученици;
- Не е дозволено дистрибуирање на материјали кои се дел од наставата со учениците со цел да се заштити приватноста на истите;
- Не е дозволено да се дитрибуираат материјали, инструменти, документи (евидентни листи што ги користи училиштето за собирање на податоци)
- Наставниците можат да снимаат и да прават фотографии исклучиво за интерна употреба и како доказ но не е дозволено споделување на социјалните мрежи;
- За време на онлајн настава наставниците да ја покажат својата професионалност.

ООУ „ПАНАЈОТ ГИНОВСКИ“
ОПШТИНА БУТЕЛ
СКОПЈЕ

Тел. 02/2621-416
ул. Ферид Бајрам бр. 30
info@ooupanajotginovski.edu.mk
www.ooupanajotginovski.edu.mk

**Кодекс за однесување на наставниците за време на настава со физичко присуство**

- Наставникот во училиштето влегува низ главниот влез, каде мора да помине низ целиот процес на дезинфекција (мерење температура, дезинфекција на рецете и обувките, носење заштитна маска);
- Задолжително е запазување поголема физичка дистанца од најмалку 1,5 метар меѓу наставниците и учениците, како и меѓу вработените, за време на часовите и за време на одморите;
- Наставникот при влегување во училиште, за време на престојот во училиште и за време на наставата задолжително ја почитува мерката за физичка дистанца од најмалку 1,5 метар и носи заштитна маска/покривка на лице, освен кога е на отворено во училишниот двор со одржување на препорачаната дистанца;
- Наставникот треба да избегнува подолго да се задржува во наставничката канцеларија и задолжително да запазува физичка дистанца од 1.5 метри;
- Во наставничка канцеларија се влегува по потреба и во просторијата може да присуствуваат најмногу 3 лица;
- Се забрануваат поздравувања со физички контакт меѓу настравниците и меѓу наставник-ученик;
- Се забранува групирање на присутните во училиштето;
- Да се почитуваат општите мерки за повисоко ниво на лична и општа хигиена (зачестено миење на раце или употреба на дезинфекционо средство за раце на база на алкохол).
- Наставникот треба да се грижи за целиот училиштен простор и имот, посебно за кабинетот во кој држи настава;
- Наставникот треба секогаш да се залага за афирмација на својот предмет;
- Наставникот треба да го почитува времетраењето на часот;
- Наставникот да ги евидентира отсутните ученици на почеток на часот и тоа да го прави редовно;
- Наставикот секогаш и секаде внимава на својот говор, тој треба да е литературен, јасен и достапен;

Тел. 02/2621-416
ул. Ферид Бајрам бр. 30
**info@oupanajotginovski.edu.mk**
www.oupanajotginovski.edu.mk

- Наставникот треба секогаш да е пример со својот изглед и своето однесување;
- Секој наставник треба професионално да се усовршува преку следење на литература, посета на семинари, курсеви и користење на современа технологија;
- Наставникот е должен да ја почитува личноста на секој ученик;
- Наставникот е должен професионално да се однесува за време на часот;
- Наставникот е должен реално да го оценува знаењето на ученикот без оглед на другите негови оценки;
- Наставникот треба да го пофалува секој напредок на ученикот;
- Наставникот треба да настојува ученикот навреме и квалитетно да ги извршува своите задачи;
- Наставникот не смее да го казнува ученикот телесно и да го малтретира психички;
- Наставникот е должен редовно да им помага на учениците, преку разни форми на активност;
- Секој наставник треба да настојува учениците пристојно и дисциплинирано да се однесуваат во училиштето и надвор од него;
- Наставникот треба редовно и навреме да го повикува и известува родителот за постигнувањата, однесувањето и проблемите на неговото дете;
- Наставникот треба да го упатува родителот на помош од компетентни лица, во ситуации кога за тоа има потреба;
- Наставникот треба да го почитува секој свој колега, да соработува, разменува мислења и искуства врзани за работата;
- Наставникот треба да се ангажира во работата на стручниот актив на кој припаѓа;
- Наставникот треба редовно да присуствува во работата на одделенскиот и наставничкиот совет во училиштето;
- Наставникот е должен да ги почитува одлуките од одделенскиот и наставничкиот совет;
- Наставникот треба да е креатор на пријатна работна атмосфера и позитивна емоционална клима во својата училница;
- Наставникот треба да гради односи на меѓусебно разбирање, соработка, почитување со учениците и другите вработени;

ООУ „ПАНАЈОТ ГИНОВСКИ“
ОПШТИНА БУТЕЛ
СКОПЈЕ
Тел. 02/2621-416
ул. Ферид Бајрам бр. 30
**info@ooupanajotginovski.edu.mk**
www.ooupanajotginovski.edu.mk

# ПРОТОКОЛ ЗА РАБОТА, ДЕЈСТВУВАЊЕ И ОДНЕСУВАЊЕ НА РАБОТНО МЕСТО ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА ВО ОДНОС НА РАСПОРЕД, РАСТОЈАНИЕ ВО РАБОТНИТЕ ПРОСТОРИИ И НОСЕЊЕ ЛИЧНА ЗАШТИТА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ООУ „ПАНАЈОТ ГИНОВСКИ“ – ОПШТИНА БУТЕЛ СКОПЈЕ

Врз основа на уредбите од Владата училиштето го спроведува следниот протокол:

- На влезот од училиштето задолжително се поставува средство за дезинфекција на обувките и рацете

- При влегување во училиштето на секој вработен задолжително се мери телесната температура со дигитален термометар

- На влезот од училиштето се поставува едукативно – информативни материјали за почитување на заштитните превентивни мерки: носење заштитни маски, одржување на физичко растојание, редовно дезинфицирање на рацете, правилна респираторна хигиена

- Во училиштето е потребно редовно и зачестено одржување на хигиената на тоалетите со задолжително водење на евиденција за спроведеното чистење и употреба на дезинфекциони средства кои делуваат на вируси според упатство од производителот, алтернативно може да се користи 0,05 % натриум хипохлорид (5% белило за домаќинство кое се користи во размер 1:1000) или 70% алкохол за дезинфекција за горни површини.

- Задолжително се поставува средство за дезинфекција на рацете во секоја просторија на училиштето

- Во текот на работното време задолжително носење на заштитна маска и ракавици.

## Кодекс за однесување на ученици за време на наставата на далечина

- Наставата на делечина е вид настава одобрена од Министерството за образование и наука, која ќе се реализира за време на пандемијата Ковид 19;
- Учениците ќе се приклучуваат на националната платформа за учење на далечина која овозможува двонасочна интеракција и комуникација на наставникот и ученикот;
- Учениците навремено се најавуваат на термините за онлајн часовите согласно неделниот распоред на паралелката и задолжително присуствуваат на часовите;
- Родителите/старателите на учениците се должни навреме да го известат наставникот доколку ученикот оправдано не може да ги следи онлајн часовите;
- За секое отсуство ученикот ќе биде запишан во дневникот на паралелката;
- Пред почетокот на наставата учениците треба да имаат подготвено до себе учебници, тетратки и друг прибор кој ќе им биде потребен за непречено одвивање на наставата;
- За време на онлајн наставата учениците се однесуваат како и за време на редовната настава, односно имаат обврска во целост да ги почитуваат поставените правила;
- За време на часот учениците седат пристојно пред електронскиот уред и носат соодветна облека;
- Учениците се должни самостојно да ја следат наставата, и без присуство и помош од родител да ги извршуваат предвидените задачи, по можност од посебна и тивка просторија во домот;
- Не е дозволено конзумирање на храна и пијалоци додека се следи наставата;
- На часовите учениците треба внимателно да слушаат и навреме и целосно да ги извршуваат зададените обврски;
- Потребно е учениците да бидат дисциплинирани и да придонесат за одржување на работната атмосфера;
- Никој не смее без вистинска причина да го напушти часот, без дозвола на предметниот или одделенскиот наставник;
- Кога наставникот или соучениците зборуваат, не смеат да бидат прекинувани;

- Строго се забранети непристојни зборови, навреди, дискриминација, вербално или електронско насилство кон наставникот или соучениците;

- Учениците не смеат да ги прикажуваат туѓите изработки (домашни работи, презентации, ликовни творби и сл.) како свои;

- На учениците им се забранува било какво снимање, сликање за време на наставата, споделување на информации, со цел да се заштитат правата на останатите ученици и наставници;

- За непочитување на одредбите од овој Кодекс следуваат соодветни педагошки мерки.